тие мерки повторно спроведување на истрага за да се утврди успехот од тие мерки.

Клучни зборови: Остри предмети, здравствени работници, здравствени соработници, повреди

P-116

## КОРЕЛАЦИЈА НА КОРОНАРНИТЕ БОЛЕСТИ И РИЗИК - ФАКТОРИТЕ КАЈ ПАЦИЕНТИ ВО КЛИНИЧКАТА БОЛНИЦАБИТОЛА

Оливера Гареска, Тања Јовановска, Викторија Продановска Стојчевска
Висока Медицинска Школа Битола

Главни фактори на ризик за појава на ИБС се: пушење цигари, хипертензија, зголемување на вкупниот серумски холестерол, дијабетес меситус, мажи постари од 55години и жени после менопауза и возраста. Цел на трудот: приказ на најчестите коронарни болести кај хоспитализирани пациенти во Клиничка болница Битола во 2012година и застапеноста на ризик – факторите за настанување на коронарните болести. Материјал и методи: направено е ретроспективно истражување и студија на пресек кај 30 пациенти хоспитализирани во Клиничка болница Битола. Резултати: од истражувањето направено кај хоспитализираните пациенти произлегува дека по однос на сите ентитети кои се истражени доминира машкиот пол, хипертензија 61%, ангина пекторис 71%, синус брадикардија 56%, кардиомиопатија 60%, стенокардија 70%, акутен инфаркт на миокард 75%, белодробен едем 57%, дислипидемија 70%.Во однос на ризик – факторите, 43% имаат покачено ниво на холестерол, 40% имаат прекумерна телесна тежина, 70% се физички активни, три пати неделно по 30 минути пешачење, 77% не пушат цигари, 47% пушале цигари редовно, само 3% редовно конзумираат алкохол.

O-117

## ЕФЕКТИТЕНАФИЗИКАЛНАТАТЕРАПИЈАВРЗФУНКЦИОНАЛНАТАСПОСОБНОСТ И КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО М. PARKINSON

Наумовска Л., Јовановска Т.

Паркинсоновата болест е прогресивно, невролошко заболување на екстрапиримидалниот систем, кое се јавува поради заболување на базалните ганглии, односно резултат на губење на мозочните клетки кои